20260290423

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност во вкупен износ од 12.000.000,00 (дванаесет милиони) денари и тоа:

- 10.000.000,00 (десет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 1001 - Министерство за економија и труд, Сметка 637, Потпрограма 11 – Индустриска политика, Ставка 462 и Ставка 464, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Македонија 2018-2027, Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027 и Стратегијата за промоција на извозот на Република Северна Македонија 2024- 2027 и
- 2.000.000,00 (два милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 1001 - Министерство за економија и труд, Сметка 637, Потпрограма 16 – Инвестиции и општествена одговорност, Ставка 462, наменети за поддршка на општествената одговорност кај деловните субјекти од преработувачката индустрија.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија и труд.

II

Оваа програма се состои од мерки во следните области:

## А. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА

За реализација на областа А. Имплементација на индустриската политика, се наменети средства во вкупен износ од 10.000.000,00 денари и тоа за:

1. Зајакнување на соработката помеѓу деловните субјекти од преработувачката индустрија и универзитетите преку реализација на заеднички проекти е наменет износ од 5.000.000,00 денари.

Предмет на оваа мерка е кофинансирање на проекти за промоција на соработка помеѓу деловните субјекти од преработувачката индустрија и универзитетите преку поддршка на нови иницијативи, базирани на истражување, развој, иновации, интернационализација и паметна специјализација, со кои се поттикнува соработка и дијалог помеѓу деловните субјекти од преработувачката индустрија, универзитетите, центрите формирани од факултетите за трансфер на технологии/истражување/развој и иновации, но може да вклучува и други институции, граѓански организации и други заинтересирани страни од областа на истражувањето, развојот и иновациите.

Соработката меѓу деловните субјекти од преработувачката индустрија и универзитетите преку реализација на заеднички проекти, може да вклучува истражување, развој, иновации, пренос на знаење и технологии, користење на лабораториите при универзитетите за испитување и истражување, изработка на проектна документација за подобрување и унапредување на технолошкиот процес и производ, воведување на концептот на циркуларна економија, поддршка на зелена и дигитална трансформација, стручна анализа, консултација и специјализирана обука.

За активностите од оваа мерка се надоместува дел од трошоците во висина од 70% од проект, но не повеќе од 500.000,00 денари, поединечно по проект.

За доделување на средствата од оваа мерка ќе се објави јавен повик на веб-страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

2. За неизмирените обврски од Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година, за поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија е наменет износ од 5.000.000,00 денари.

## Б. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

За реализација на мерката од областа Б. Општествена одговорност се наменети средства во вкупен износ од 2.000.000,00 (два милиони) денари и тоа за надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти од преработувачката индустрија за набавка, имплементација, сертификација за хоризонтални стандарди и други стандарди од областа на преработувачката индустрија, стандардизациски документи и извештаи од областа на преработувачката индустрија, потребни за поддршка на развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти, интернационализација и поголема конкурентност.

За активностите од оваа мерка се надоместуваат 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти од преработувачката индустрија, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој барател на средства.

За доделување на средствата од оваа мерка ќе се објави јавен повик на веб - страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Трошоците наменети за реализација на оваа мерка ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија и труд.

Поединечниот одобрен износ на средства за кофинансирање на секој барател за оваа мерка, може да биде изменет, односно процентуално намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите баратели кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на оваа мерка.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот одобрен износ на средства за кофинансирање на секој барател ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање.

## III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма, ќе се грижи Министерството за економија и труд.

IV

Министерството за економија и труд, заклучно со 31 март 2027 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и наменско користење на средствата.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1068/9
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.